# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД ВОДОВОДНА МРЕЖА





## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ: МСИП

**општина: КОЧАНИ**

**износ: 600.000 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 30. 12. 2009**

**завршен: 14. 07. 2011**

**изведувач: „ЖИКОЛ“ – СТРУМИЦА**

**надзор: „ХИДРО ЕНЕРГО– инженеринг“**





Проектот опфаќа реконструкција на средната зона од водоводната мрежа во градот Кочани, во која азбест-цементните цевки со должина од 6,4 км се исклучени од функција и остануваат во земја, а се поставени нови цевки и тоа: Ø250 и Ø150 челични цевки, Ø80 и Ø110 полиетиленски цевки.

Градот првично се снабдувал со вода од бунари во близина на с.Грдовци од каде со пумпи се дистрибуирала до градот. Меѓутоа оваа инсталација не можела да ги задоволи потребите на населението. За овој проблем се барало решение во последните 15 години, низ разни донации. Подоцна изградена е нова пумпна станица од каде водата се носи до пречистелната станица, од која со помош на гравитација преку цевки водата се дистрибуира до населението, освен за неколку населени места. Меѓутоа и покрај повеќето зафати проблемите со водоснабдувањето не изостанале.

Со реализација на проектот значително се подобри водоснабдувањето во општина Кочани. Системот во градот е поделен на три зони и тоа: висока, средна и ниска зона. Проектот ја опфаќа средната зона која опслужува 11.615 жители или околу 40% од вкупната потрошувачка во градот.

Со сумата од договорот за под-заем за овој под-проект беше финансирана изведбата како и надзорниот орган.

**Во реконструкцијата на системот за водоснабдување во средната зона, приоритет е поставен на азбест - цементни цевки поради следниве причини:**

- Намалување на загубите, замената на цевките и спојките значително ќе го намали бројот на истекување во областа, а исто така и стапката на неприходната вода ќе се намали соодветно,
- Еколошко – санитарен аспект (азбест – цементните цевки се познати како нееколошки и санитарно штетни),
- Ниски можности за интервенции кога има дефекти. Азбест – цементните цевки не се произведуваат во Македонија, се забранети за увоз и старите спојки и резервните цевки се единствено расположиви од залихи по некои складишта.

**Под - проектот ги имаше следниве цели, кои и ги оствари:**

- Вода со подобар квалитет,
- Заштеда на енергија, бидејќи ќе се намали неприходната вода и ќе порасне ефикасноста на системот за водоснабдување, благодарение на зголемувањето на должината на новите цевки, додека јавното комунално претпријатие ќе ја подобри својата ефикасност и економичност во работењето,
- Подобри услуги за населението, со подобар проток и притисок во мрежата.

# ПОЕКОНОМИЧНА ОПШТИНА - ПОСВЕТЛА ИДНИНА






**општина: БОГДАНЦИ**

**износ: 100.492 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 06. 05. 2010**

**завршен: 05.08.2011**

**изведувач: „МЕПОС ОПЕРАТИВА“ – КАВАДАРЦИ**

Извршена е реконструкција на уличното осветлување во неколку населени места на општина Богданци и тоа: Богданци, Стојаково, Селемли и Ѓавато. Вкупно е направена замена на 731 светилка, т.е. старите светилки од типот Mercury 125 W и 250W се заменети со нови натриумови светилки од 70W, 100W и 150W.

Старите светилки беа подарени на општина Василево која ги искористи за замена на старите расипани светилки.

Покрај реализацијата на предвиденото по проектот, заштедите на средствата при тендерската постапака беа искористени за дополнителни работи – инсталирање на комлетно нова мрежа за улично осветлување на влезната главна улица во општина Богданци, со поставување на 15 нови столбови со светилки.

**Главни придобивки од реализацијата на под-проектот:**

- Подобрување на нивото на осветлување,
- Намалување на тршоците за одржување на светилките,
- Намалување на трошоците за електрична енергија за околу 40%, што обезбедува позитивен финансиски ефект во општината и можност за реализација на нови инвестиции.





# НАБАВКА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА



## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ: МСИП



**ГРАД СКОПЈЕ**

**износ: 2.974.822 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 30. 07. 2010**

**завршен: 14. 10. 2011**

**набавка на светилки: „Helenic environmental system industry" - Грција**

**набавка на специјални возила: „АТРИК"– СЛОВЕНИЈА**





Извршена е набавка на 17 нови специјални возила за комунална хигиена опремени со мотори кои го исполнуваат ЕУРО 5 стандардот и тоа: две возила со капацитет од 20м$^3$ за собирање од садови за отпад со капацитет 1,1м$^3$, 5 м$^3$, 7м$^3$ и 120 литри; три (20м$^3$) за собирање од садови за отпад со капацитет 1,1м$^3$ и 120 литри; три (16м$^3$) за собирање од садови за отпад со капацитет 1,1м$^3$ и 120 литри; пет (8м$^3$) за собирање од садови за отпад со капацитет 1,1м$^3$ и 120 литри; две специјални возила за дигање и транспорт на контејнери со капацитет од 5 и 7м$^3$; две специјални комунални возила-метлачки со капацитет од 5м$^3$. Исто така извршена е набавка на 60.000 нови канти за отпад со зафатнина од 120 литри, изработени од висококвалитетен полиетиленски материјал.

ЈП Комунална хигиена на град Скопје, за остварување на својата програма за работа и спроведување на оперативните планови се соочуваше со хроничен недостаток на специјални комунални возила, со чести дефекти поради застареност на возниот парк. Вредноста само на специјалните возила претставуваше околу 12% од нивната набавна вредност, при што степенот на отпис на вредноста на специјалните возила изнесуваше околу 88%. Од друга страна ЈП Комунална хигиена се судираше и со проблемот на големи трошоци за гориво. Имено, количината на потрошено дизел гориво во 2008 година изнесуваше 1.150.424 литри која е во постојан пораст (споредено со 2007 година - 1.139.535 литри е зголемена за 10.889 литри).

**Главни придобивки од реализацијата на под-проектот :**

Се овозможи навремено собирање на комуналниот отпад во повеќе рурални средини, каде претходно истото не беше случај; модернизација на основните средства во ЈП Комунална хигиена Скопје, а пред се на возниот парк и опремата; зголемување на капацитетите за собирање и транспортирање на отпадот кој се создава во Скопје; исполнување на еколошки стандарди со цел намалување на емисијата на штетните гасови и заштита на животната средина.

# НАБАВКА НА СПЕЦИЈАЛНО ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД



## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ: МСИП



**општина: ПЕХЧЕВО**

**износ: 68.551,35 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 06. 04. 2011**

**завршен: 09. 11. 2011**

**набавка на специјално возило: „ЕКОКЛУБ“– БИТОЛА**

Извршена е набавка на ѓубретарка со капацитет од 8м³ за собирање и транспорт на отпад од садови, со зафатнина од 1,1м³ (контејнери) и 120 литри (пластични канти), со цел поквалитетно одржување на јавната хигиена на подрачјето на општината Пехчево.

Заштитата и зачувувањето на животната средина е приоритет за секое општество. Еден од сегментите за остварување на тие цели е и собирањето и транспортот на цврстиот комунален отпад од кого најмногу зависи заштитата на животната средина во урбаните и руралните населби.

Пред реализација на овој под-проект, ЈКП Комуналец - Пехчево за остварување на својата Програма за работа и спроведување на Оперативниот план се соочуваше со крупни проблеми, воглавно предизвикани од недостаток на специјално комунално возило за собирање на смет. Собирањето и транспортот на комуналниот отпад го вршеше со еден трактор во отворена приколка. Заради несоодветноста на возилото при транспортот на отпадот до депонијата доаѓаше до негово растурање по улиците и патот кој води до неа, како и нередовно негово собирање и транспорт, што беше особено изразено во летниот период кога и количеството на отпад е поголемо. Ваквото возило дозволуваше собирање и транспорт на отпадот само на територијата на градот Пехчево, додека другите населени места не го добиваа овој тип на услуга. Динамиката на собирање на отпад се вршеше еднаш неделно во одредени случаи и еднаш во две недели, додека вкупната количина на собран и депониран комунален отпад изнесува околу 160-200 тони месечно.

**Главни придобивки на под-проектот :**

Со реализацијата на проектот се овозможи навремено собирање на комуналниот отпад во градот Пехчево и сите населени места во Општината и се подобри квалитетот на комуналните услуги за сите граѓани и стопански субјекти во Општината. Имајќи го во предвид ЕКО предзнакот на самата општина, со проектот дополнително се придонесе кон заштитата на животната средина, пред се преку намалената емисија на $CO_2$ во воздухот, отстранувањето на дивите депонии и редовното одржување на чиста животна средина како важен предуслов за развој на планинскиот и пред се селскиот еко туризам.





# НАБАВКА НА ВОЗИЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ХИГИЕНА - КАМИОН И КИПЕР




## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ: МСИП



**општина: ВЕВЧАНИ**

**Износ: 88.186,99 ЕВРА**

**Склучен договор за под заем: 14. 04. 2011**

**Завршен: 30. 04. 2012**

**Набавка на двете возила: „Ерка БМЦ“– ОХРИД**






Со реализацијата на под-проектот извршена е набавка на комунално возило – ѓубретарка со капацитет од 5м³ и комбинирана градежна машина –ровокопач, за потребите на јавното комунално претпријатие во општина Вевчани.

За одржување на јавната хигиена во општина Вевчани надлежно е ЈКП „Еремја“, кое врши собирање, транспорт и одложување на комунален цврст и технолошки отпад од населението и индустријата, одржување на јавна чистота и други активности. ЈКП „Еремја“ Вевчани врши комунална услуга на 2.600 жители или на 600 приватни домаќинства, 50 локали, дуќани и други јавни и приватни институции. Дневните количини на цврст комунален отпад изнесуваат околу 1,5 тони или 5м³. Поради немање на соодветно комунално возило, цврстиот комунален отпад на територијата на општина Вевчани се транспортираше со трактор и камион кои целосно беа амортизирани, или пак потребната опрема се изнајмуваше од надвор. За надминување на проблемот со неадекватна опременост на претпријатието и високите трошоци за тековно одржување на застарениот возен парк на претпријатието, извршена е набавка на комунално возило - ѓубретарка.

Исто така општина Вевчани одвојуваше значителен дел од своите средства за зимско одржување, чистење на диви депонии, како и чистење на канали за наводнување, што укажуваше на потребата за набавка на градежна машина. Со набавката на градежната машина - ровокопач средствата наменети за наведените операции ќе останат во касата на општина Вевчани.

**Главни придобивки од под-проектот :**

Подобрување на квалитетот на комуналните услуги на општинско ниво, намалување на трошоците за одржување и гориво, позитивно влијание врз заштитата на животната средина.



## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ: МСИП

# НАБАВКА НА ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД



**општина: КРУШЕВО**

**износ: 48.970,00 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 31. 08. 2011**

**завршен: 30. 04. 2012**

**набавка на возила: „Ерка БМЦ“ – ОХРИД**





Набавено е едно специјализирано комунално возило за собирање на отпад - ѓубретарка со капацитет од 5$м^3$ за подигнување смет од садови, со зафатнина од 1,1$м^3$ (контејнери) и 120 литри (пластични канти).

Во градот Крушево Јавното комунално претријатие „Комуна“ врши собирање на комунален отпад и негово транспортирање до депонијата лоцирана во месноста „Коле Налчо”. Со оваа услуга опфатени се 1198 постојани домаќинства и 270 викенд куќи. ЈКП „Комуна“ - Крушево, не располагаше со специјализирани возила за собирање и транспорт на комунален отпад, користијќи три трактори со приколка. По должината на транзитната улица и улиците кои се достапни за возило, отпадот се собирше од импровизирани садови и метални контејнери. Металните контејнери се премногу тешки за рачно празнење, така што тие се превртуваа на самата улица, а потоа отпадот рачно се товараше во приколки. Ваквиот начин на управување со цврстиот отпад не само што беше многу неефикасен, но исто така е и нехигиенски и претставуваше сериозен ризик за здравјето на вработените во јавното претпријатие.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а со цел ЈКП „Комуна“ - Крушево да биде во можност навремено да одговори на потребите на граѓаните на Крушево, за собирање и транспорт на цврстиот комунален отпад реализиран е овој проект.

**Придобивки од под - проектот:**

- Подобрување на квалитетот на комуналните општински услуги како и зајакнување на општинските функции и надлежности, регулирани со Законот за локална самоуправа и Законот за управување со отпад,
- Ефикасно, ефективно и економично собирање и транспорт на цврстиот комунален отпад во Крушево, што води кон подобар квалитет на нивото на комунални услуги, кое општината го испорачува кон стопанството и населението,
- Унапредување на заштитата на животната средина.

# УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД



## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ: МСИП



**општина: ГРАДСКО**

**износ: 99.497,59 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 17.11.2011**

**завршен: 31.10.2012**

**набавка на возило: „Екоклуб“ – Битола**

**Набавка на канти: „Алки“ ДООЕЛ - Скопје**





Набавена е следната комунална опрема: едно специјално комунално возило за подигање на смет со капацитет од 8м³, 800 пластични канти за отпад со капацитет од 120 литри и 10 контејнери за отпад со капацитет од 1100 литри.

Собирањето на цврстиот отпад претставуваше најголем пороблем во Општина Градско. За оддржување на јавната хигиена на подрачјето на општината се грижи јавното комунално претпријатие „Комуналец“. Собирањето и транспортот на комуналниот отпад ЈКП „Комуналец“ го вршеше со еден трактор во отворена приколка. Заради несоодветноста на возилото при транспортот на отпадот до депонијата доаѓаше до негово растурање по улиците и патот кој води до неа, како и нередовно негово собирање и транспорт особено во летниот и есенскиот период, кога и количеството на отпад е поголемо. Ваквото возило дозволуваше собирање и транспорт на отпадот само на територијата на населеното место Градско, додека другите населени места не го добиваат овој тип на услуга. Дополнителен проблем при собирањето на отпадот претставуваше и недостатокот на соодветни садови за отпад, како кај индивидуалните така и кај јавните и комерцијалните субјекти во Општината. Динамиката на собирање на отпад е еднаш неделно, додека вкупната количина на собран и депониран комунален отпад изнесува околу 360 тони годишно.

Со реализацијата на проектот директно се унапреди и осовремени начинот на управување со комуналниот отпад и се задоволија основните санитарни критериуми. Се овозможи населените места Градско, Виничани и Ногаевци или околу 80% од вкупното население на општина Градско да ги почувствуваат благодетите од континуирано, навремено, рационално, квалитетно и санитарно подобрување на процесот на собирање на цврстиот отпад и транспорт до соодветната депонија; зајакнување на финансиската состојба на ЈКП „Комуналец“ преку зголемување на приходите на претпријатието, како резултат на поефикасната наплата на сметките за комунални услуги, која ЈКП ја испорачува кон жителите и стопанските субјекти во општина Градско; унапредување на заштитата на животната средина и здравјето на луѓето.

# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИТЕ ОПШТИНСКИ УСТАНОВИ



## ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ: МСИП



**општина: ИЛИНДЕН**

**износ: 230.486,33 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 06. 10. 2010**

**завршен: 09. 11. 2012**

**изведувач: „Темон Верица“ – СКОПЈЕ**

Општина Илинден со реализацијата на овој проект ќе ги користи подземните води со инвестирање во системи за греење и ладење. Со средствата на овој под-заем инсталиран е ваков систем во 2 објекти, и тоа:

- во основното училиште и градинката " Гоце Делчев" во с. Марино и
- во основното училиште " Гоце Делчев" во с. Илинден.

Системот се базира на искористување на подземните води и воведување на т.н. геотермални топлински пумпи. Принудната циркулација на подземните води низ геотермалните топлинските пумпи се постигна со изградба на бунари со длабочина од 48м и инсталација од PVC, челични и полиетиленски цевки, потопни и циркулациони пумпи, а преку грејно – ладилни тела: радијатори, касетни фенкојлери и останата придружна опрема за греење и ладење, енергијата ќе се користи во двата објекта.

Во двата објекти имаше постоен систем на греење со радојатори и котли на нафта. При инсталацијата на новиот систем, со цел намалување на трошоците на инвестицијата, искористен е и дел од постоечкиот систем.

Користењето на геотермални топлински пумпи значително ја редуцира потрошувачката на енергија за загревање. Системот како главен и основен ресурс користи подземни води, што всушност претставува користење на обновливи извори на енергија. Според истражувањата, температурата на подземните води е постабилна од температурата на воздухот во сите сезони, поради тоа подземните води се посоодветни за експлоатација.

**Главни придобивки со реализација на под - проектот се:**

- подобрување на условите за работа и престој во просториите,
- поголема удобност при извршувањето на работните активности,
- намалување на трошоците за загревање,
- воведување модерен автоматизиран систем на затоплување и ладење на просториите како и намалена емисија на штетни гасови.





# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ






**општина: НОВАЦИ**

**износ: 130.710,50 ЕВРА**

**склучен договор за под заем: 05. 09. 2011**

**завршен: 15. 12. 2012**

**изведувач:**
**„М-Златомир трејд“ – Скопје**






Со реализација на проектот извршена е реконструкција на уличното осветлување во три населени места каде е сконцентрирано 70% од населението во општина Новаци и тоа: с. Новаци, с. Добромири и с. Рибарци. Во с. Новаци извршено е монтирање на 71 нов челичен столб за улично осветлување со натриумови светилки од 250W на главната улица, 94 натриумови светилки од 70W на секундарните улици и 5 нови декоративни челични канделабри со натриумови светилки од 70W пред општинската зграда. Во селата Добромири и Рибарци заменети се постојните 69 живини светилки со нови натриумови светилки од 70W.

Управувањето со уличното светло регулирано е со АСТРО РЕЛЕ, кое врши автоматско вклучување и исклучување на истото, според зададен временски интервал. Исто така на главната улица во с. Новаци поставени се светилки кои после известно време работат на половина снага од полноќ до раните утрински часови, со што се постигнува заштеда на енергија.

Поголемиот број од постојните столбови во овие населени места беа претежно стари и неупотребливи. Со цел намалување на трошоците на инвестицијата, столбовите во добра состојба се задржани за употреба, додека останатите се заменети. Осветлувањето е неопходно од сите стандардни причини, но дополнителна причина за осветлување на овој дел е фактот што во РЕК Битола работат околу 5000 лица, а ова е единствениот пристап до електро-енергетскиот комбинат. Протокот на возила на оваа дестинација изнесува околу 7000 минувања дневно. Постојните улични светилки беа со голема потрошувачка, од различни производители, поставени на растојание поголемо од 80м, со што не се овозможуваше прописна осветленост на улицата.

Подобрувањето и надградбата на уличното осветлување во општина Новаци се обезбеди преку зголемување на бројот на светлосни единици во општината и инсталирање на енергетски ефикасни светилки. Како резултат на имплементацијата на проектот се овозможи подобрување на нивото на илуминација, заштеди на електрична енергија и намалување на трошоците за одржување на уличното осветлување во Општината. Осветлувањето на главната улица на селото Новаци од влезот кон енергетската постројка РЕК Битола, ќе ја зголеми безбедноста во сообраќајот и ќе го намали бројот на сообраќајни несреќи и воедно ќе го спречи илегалното преминувања на границата кон јужниот сосед Грција, која е најблискат земја членка на ЕУ.